НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година III
број 25
26 Јануари
2007 год.

Прва седница на Извршниот одбор на СЗПМ

## Избор на потпретседател и секретар

Под претседателство на претседателот Душко Шурбановски на 11 јануари се одржа прва седмица на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на која едногласно за потпретседател повторно беше избран **Андон Марковски,** а за секретар, исто така едногласно и повторно, **Чедо Георгиевски.**

На седницата се распрваше за измените и дополнувањата на Одлуката за формирање на постојани и повремени тела на Извршниот одбор, за што се формира и работна група која за наредната седница треба да предложи конкретни решенија, со приоритетни задачи на Комисиите и начини за нивно извршување.

Извршниот одбор формира и работна група за изготвување на предлог Програмски задачи на Сојузот за мандатниот период 2007-2010 година со конкретизација на задачите за годинава. Во опстојната дискусија се нагласи дека годинава пред СЗПМ и здруженијата претстојат сериозни задачи за решавање на проблемите што се на повидок во однос на статусот на организацијата во општеството, за што ќе биде потребна и поголема мобилност и ангажираност на членството и зајакнување на улогата на базата.

**Д. А.**

Финална Конференција на проектот "Јакнење на капацитети на организации од граѓанското општество"

## Истакнати резултати на СЗПМ

Деновиве во големата сала на хотелот "Холидеј Ин" во Скопје се одржа Финалната конференција на проектот "Јакнење на капацитети на граѓански организации", финансиран од Европската унија и раководен од Европската агенција за реконструкција преку Данскиот совет за бегалци. Како корисник на проектот на Конференцијата присуствуваше и десетчлена делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Претставници од граѓанското општество и од властите се сретнаа за да ги слушаат заклучоците од проектот кој овозможи јакнење на капацитети на селектирани граѓански организации. Проектот започна во јануари 2005 година, и создаде услови за ефикасни, ефективни и одржливи организации; ги зголеми капацитетите за лобирање, застапување, водење кампања и вмрежување; го подобри квалитетот на проектите како и на планирањето потребно за да се исполнат потребите на нивните членови; и ја зголеми поддршката на локалните консултанти за јакнење на капацитети на граѓанските организации во иднината.

Поради многуте предизвици и промени цивилното општество мора да се прилагодува и соодветно да одговара на реформските процеци, нагласи **Ереван Фуере,** амбасадор на Европската унија во Република Македонија, истакнувајќи ги придобивките од спроведувањето на проектот кај граѓанските здруженија.

Своите согледувања презентираше и **Елизабета Буова,** раководител на Единицата за обука за европски прашања при Владата на Република Македонија акцентрирајќи дека граѓанското општество во нашата земја е се уште во развој и е активен дел од транзициските процеси, така што меѓусебната соработка на граѓанското општество и Владата се клучен фактор за спроведувањето на реформите и на процесот на евроинтеграциите.

Резиме за проектот дадоа и **Џон Стајлс, Димитар Спасеноски и Гвен Џоунс** од Данскиот совет за бегалци, а беа презентирани и искуствата на корисниците: **Женската граѓанска иницијатива - Антико, Федерацијата на фармерите во РМ, Млаинската коалиција - Сега, Коалицијата на турски невладини организации-Матуситеб, Студентскиот сојуз од трите државни универзитети и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.**

При тоа претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски,** меѓу другото, истакна:

„Пред се, членовите на 24-те здруженија на Сојузот што имаа среќа да добијат подарок компјутерска опрема, изразуваат посебна благодарност до донаторите зашто "ова чудо на техниката" ќе го приближи светот кон нив, а нив кон светот. Тие и следните генерации на пензионери, допрва ќе ги почувствуваат благодетите од оваа донација. Очигледно оваа донација ќе го подигне степенот на капацитетот на здруженијата и на нивната асоцијација - СЗПМ.



Секако, пензионерите ќе се поврзат на интернет, а Сојузот ќе промовира ВЕБ страница. Соработниците на донаторите во финиширањето на донацијата (ДРЦ) заслужуваат посебна благодарност и поради тоа што се ангажираа преку одржување на разни "работилници" дебати и разговори за да помогнат во оспособувањето на над 40 активисти на здруженијата и на Сојузот за да можат самостојно да подготвуваат проекти за нови донации за натамошно јакнење на капацитетот на овие невладини - граѓански асоцијации. На здруженијата им недостасуваат објекти за клубови за дневен престој на пензионерите, старски пензионерски домови за згрижување на старите, неспособни и сами корисници на пензиија. Данскиот совет за бегалци им овозможи на двајца раководители на СЗПМ, да учетвуваат на Светскиот конгрес за стари и стареењето кој се одржа 2006 год. во Копенхаген.

Определбата на донаторот за доделување на донацијата на СЗПМ е сосема оправдана. СЗПМ е најстара невладина организација. Минатата година беше одбележана шеесет годишнината од постоењето на оваа асоцијација. Во здруженијата на пензионерите здружени во СЗПМ, членуваат близу 220.000 членови. Таа е мултиетничка и мултикофесионална асоцијација со богат културно забавен и спортско-рекреативен живот. Секоја година се одржуваат пензионерски спортски натпревари во девет дисциплини од кои четири атлетски и стрелање со воздушна пушка, шах, пикадо, домино и табла. Оваа година ќе се одржат 5-ти по ред регионални и завршна фолклорна ревија на пензионерите.

**На полето на информирањето покрај разните билтени и други изданија на здруженијата на ниво на Сојузот во весникот „Нова Македонија" излегува прилогот на четири страници „Пензионерски видици" и на МРТВ секоја недела едночасовна емисија „Трета доба" кои третираат теми од животот на пензионерите.**

47 Здруженија на пензионерите кои имаат статус на самосотјни правни субјекти, здружени се во Сојузот за полесно остварување и заштита на правата од пензиското, инвалидското и здравственото осигурување. СЗПМ оценува дека пензиите се ниски и од година во година нивната куповна моќ опаѓа. Денес просечната пензија изнесува 59,3% во однос на просечната плата во државата. 8,1% од вкупниот број корисници на пензија во Македонија имаат пензии од 4.000 ден. Усогласувањето на пензиите-индексацијата, се врши по два основи: според порастот на индексот на трошоците за живот за 40% и за 20% од порастот на просечно исплатените плати во државата. Очигледно, откако е пропишан овој систем на индексација на пензиите, стандардот на пензионерите опаѓа, поради што корисниците на пензија имаат чувство дека се маргинализирана општествена група. Тие се потурнати настрана од нивното учество во општествено-политичкиот живот. Во управниот одбор на ФПИОМ не се пртставени со ниту еден член. Во Собранието на РМ нема ниту еден пензионер пратеник, а во советите на општините можат да се избројат не повеќе од 5 советници. За последниве неколку години СЗПМ достави до Собранието, односно до пратениците и до Владата повеќе иницијативи за измени и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување и законот за здравстевена заштита. Меѓутоа ниту една иницијатива не му го привлече вниманието на ниту еден пратеник на Собранието, ниту на министер во Владата.

На 10 јуни 2006 година претседателот на Владата и претседателот на Сојузот на здруженијата потпишаа "Меморандум за разбирање" со кој Владата зеде обврска, најдоцна за 24 месеци од неговото потпишување, да се покачат пензиите за 10%, да се ослободат постарите лица од 65 годни од плаќање партиципација за лекови од позитивната листа и за лекување во болничките установи., да се изградат 5 пензионерски старски домови и да се изврши реконструкција на постојните. Со "Меморандумот" беше предвидено за сите барања на пензионерите доставени до Владата да се формира заедничка комисија од претставници на Владата и од СЗПМ. Ова требаше да создаде партнерски односи меѓу Владата и СЗПМ. Од овие предвидувања досега ништо не е сторено. Пензионерите очекуваат новата Влада да ги почитува обврските превземени со "Меморандумот".


Делегација на светски конгрес за стари во Копенхаген

**Во целина со благодарност за дадената помош и од другите организации, едногласна беше оценката за успешноста на проектот и дека граѓанските здруженија мора континуирано да работат на зајакнување на своите капацитети за да постигнат самоодржливост и да можат да придонесат во реформските процеси во нашата земја.**

**Д. Аргировски**

Честит јубилеен 25-ти број

Уводник со повод

## Во знакот на објективно информирање



Ова е 25-тиот јубилеен број на "Пензионерски видици", со што навлегуваме и во третата година од излегувањето на првото јавно гласило за пензионерите во нашата земја.

Со објективно информирање и објавување на повеќе актуелни теми со пензионерска проблематика прилогот за пензионерите во "Нова Македонија" сè повеќе го задржува вниманието на нашите читатели. Всушност, според сите истражувања пензионерите во нашата земја се најпасионирани гледачи на тв вести, а како надградба на тоа во "Пензионерски видици" се отсликува пензионерскиот живот, а преку аналитика, согледувања, белешки, репортажи, осврти, коментари, интервјуа, прегледи и соочувања се афирмираат пензионерските активности и проблеми, со цел аргументирано да се укаже на потребата од поголемо почитување на пензионерите, како на нивниот живот, така и на стекнатото искуство. Не случајно се вели дека оваа популација со своето животно искуство се драгоценост на секоја држава, а евроинтегративните процеси бараат подобрување на нивната организациона поставеност и одржливост, подобрување на стандардот и условите за подостоинствен, посигурен и побезбеден живот на пензионерите и старите лица.

Поаѓајќи од тие постулати во изминатите 25 броја на "Пензионерски видици" не случајно се настојуваше информирањето да биде со проверени факти и во духот на новинарскиот кодекс, а не со тенденциозни и паушални оценки и невистини. Тоа се остварува дотолку потешко што во нашиот информативен простор честа е појавата на новинарски дејанија без самокритичност, кои поаѓајќи од улични озборувања или нечии тенденции објавуваат паушални оценки и дезинформации. Поради тоа и кај нашите читатели се поставува дилемата, па и трилемата, што е вистина, а што лага.

Во стотина здруженија на пензионери во нашата земја, во кои членуваат 274.000 старосни, семејни, инвалидски, земјоделски и воени пензионери, можеби има и појави на неактивност, на егоизам и ненаменско трошење на дел од парите на пензионерите, но тоа не треба да се генерализира. Тоа треба да се истражува и проверува, а секое утврдување на злоупотреби се и ќе се жигосува во "Видици". Но, за волја на вистината извршените државни ревизии во неколку здруженија на пензионери-членки на СЗПМ не открија злоупотреби и трошење на средства без контрола.

Во секој случај пред пензионерските асоцијации претстојат сериозни задачи за поголема заштита на правата на пензионерите, за подобрување на квалитетот на нивниот живот, но и за точно, целосно и навремено информирање, што е и уставно право на секој член. Поради тоа здруженијата на пензионерите треба постојано да го зголемуваат бројот на претплатниците, на "Видици".

Според оперативниот план усогласен со Редакцијата на "Нова Македонија" наредниот број на "Пензионерски видици" ќе биде на 2 март, потоа на 30 март, на 27 април, 25 мај, 29 јуни итн.

Секако, со натамошна афирмација на активностите на пензионерите и со фактографски пристап во третирањето на пензионерските проблеми и годинава ќе биде предизвик да се одржи и надградува стекнатиот рејтинг на ова прво јавно пензионерско гласило во нашата земја.

**Драги Аргировски,**
**уредник на „Пензионерски видици"**

Од работата на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ

# Позитивна финансиска состојба на Фондот за редовна исплата на пензиите

Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на 25 декември 2006 година, одржа редовна седица на која, меѓу другото, ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за периодот јануари-октомври 2006 година, со оценка до крајот на годината.




Притоа, усвојувајќи ја Информацијата, Управниот одбор констатира дека во овој период, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 26.675,39 милиони денари и истите се повисоки за 13,5%, во однос на приходите остварени во 2005 година. Имено, во текот на јануари-октомври 2006 година во однос на 2005 година се забележува зголемување на приходите од придонесот од плата, што се должи на зголемување на платите за вработените во Републиката и на зголемената наплата на придонесите како резултат на примената на новиот процес за наплатата на придонесот со поднесување на образец МППП при подигањето на платите од страна на обврзниците и други активности што ги презеде Фондот во однос на вршењето на контроли, блокирање на сметки за обврзници кои навремено не го плаќаат придонесот и друго. Исто така, остварените средства од продажбата на акции и удели се значително повисоки над планираните средства, поради определбата на државата за обезбедување на поголеми средства за Фондот за покривање на тековниот дефицит и транзиционите трошоци.

Како резултат на зголемување на бројот на корисниците на пензија за 1,8% како и вкупното усогласување на пензиите од 2,66%, вкупните расходи во истиот период се зголемени за 6,6% повеќе од извршените расходи во 2005 година.

На оваа седница, Управниот одбор на Фондот, по спроведувањето на конкурсната постапка го именува **Томче Ѓуровски,** дипломиран економист од Скопје, роден 1958 година, за заменик на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

При донесувањето на Одлуката, Управниот одбор ја имаше предвид неговата стручна квалификација, досегашното работно искуство, програмската ориентација за активности и мерки за унапредување и развојот на дејноста на Фондот на пензионерското и инвалидското осигурување на Македонија како и неговиот досегашен професионален и одговорен однос кон работата.

Согласност на оваа одлука треба да даде Владата на Република Македонија.

**Нови членови на комисиите на Управниот одбор на Фондот**

На претходната седница на Управниот одбор на Фондот, се именувани нови членови на работните тела на Управниот одбор на Фондот, односно се формирани четири постојани комисии и тоа:

**Комисија за акции и удели на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,** во состав:

Димитар Богоев, претседател,
Александар Коцевски,
заменик претседател,
Муидин Рустеми, член,
Томе Лазарев, член,
Фатиме Фејзулаи, член,
Лилјана Поповска, член, и
Ангел Максимов, член.

**Комисијата за издавање на деловен простор под закуп со кој управува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,** во состав:

Фатиме Фејзулаи, претседател,
Душан Велковски,
заменик претседател,
Александар Беличев, член.

**Комисија за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење и за унапредување на инвалидска заштита**, во состав:

Д-р Ненад Јоксимовиќ,
претседател,
Д-р Ахмет Љуши,
заменик претседател,
Зоран Павлевски, член,
М-р Климе Арсов, член, и
Душан Велковски, член.

**Комисија за општествен стандард на корисниците на пензија,** во состав:

Наташа Стојмановска,
претседател,
Мијољуб Давидовиќ,
заменик претседател,
Сефи Османи, член,
Андон Марковски, член, и
Царева Трпеновска, член.

**А. Нелковска**

Разговори во Фондот на ПИОМ

# Што со Солидарниот фонд?

Како што е познато од секоја пензија месечно се задржуваат по 140 денари, од кои 120 наменски за погребнина и 20 денари за членарина во здруженијата.

Деновиве Владата на Република Македонија усвои заклучоци:

1. Да се постигне договор помеѓу Сојузот на здруженијата на пензионери, Сојуз на инвалидски пензионери и Сојуз на трудови инвалиди и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, за исплата на посмртната помош преку Подрачните единици на Фондот.

2. Согласно препораката на Државниот завод за ревизија во Конечниот извештај за извршената ревизија на Фондот на ПИОМ за 2005 година, да се подготват измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со кои ќе се регулира наменско и законско користење на средствата за посмртна помош.

Во врска со новите ставови на Владата на Република Македонија по ова прашање деновиве кај директорот на Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување Муидин Рустеми се одржа заедничко состанок со претставниците на СЗПМ, на СИП, на Сојузот на трудови инвалиди и на Сојузот на здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија.



При тоа директорот на Фондот го објасни заклучокот на Владата на РМ да се побара мислење од пензионерските асоцијации по предлогот средствата од Солидарниот фонд за погреб на починат пензионер на семејствата да се исплаќаат исклучиво преку 30 подрачни единици на Фондот на ПИОМ, додека 20 денари за членарина и понатаму да се префрлуваат на сметките на здруженијата за нивно функционирање. Висината на погребнината би била еднаква за сите пензионери, а парите што ќе остануваат како вишок би се орочувале во банки, со тоа што каматата ќе се користи исклучиво за пензионерите.

И додека претставниците на Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија и на Сојузот на здруженијата на инвалиди и корисници на инвалидска пензија го поддржаа предлогот на Владата, претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски, како претставник на најбројната и најорганизираната пензионерска асоцијација во нашата земја, нагласи дека за ова нема законска основа и дека оваа одлука на Владата ќе ја обжалат пред Уставниот суд, бидејќи граѓаните треба сами да располагаат со своите пари. Тој потсети дека ваква одлука донесена од Управниот одбор на Фондот на ПИОМ во 2.000 година била укината од Уставниот суд, по што е усвоена Спогодба меѓу Фондот и СЗПМ за меѓусебните односи за вршење на задршка од пензии за оваа намена, а средствата редовно се доставуваат до здруженијата на пензионерите. Во речиси сите здруженија средствата за солидарност се водат на посебна тековна сметка, за што се подготвуваат посебни завршни сметки и финансови планови од управните одбори, а контрола за трошењето на парите го врши надзорен одбор. Во најголем број здруженија исплатата на погребнината се врши истиот ден по поднесување на барање од семејството на починатиот пензионер.

Шурбановски, исто така укажува дека преземањето на сервисирањето, односно акумулирањето на средствата на посебна сметка при ФПИОМ и исплатата на семејствата на починатите корисници на пензија од страна на подрачните единици на Фондот, може да се протолкува како дејност на осигурителна организација, а дејноста на овие компании е пропишана со посебен Закон. Па се поставува прашање дали ФПИОМ како државен орган, со утврден делокруг, може да се занимава со вакова деловна дејност. За здруженијата на пензионерите не постои таква пречка зошто, тоа е вид на спомагателна каса, во која врз солидарна основа внесуваат средства членовите на здружението, а ги користат исклучиво за давање помош на семејствата на починатите членови на здружението.

Во СЗПМ се очекува иницијатива за промена на режимот за сервисирање на средствата од Солидарниот фонд да се разјасни на средбата со претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски, најавена за првата декада на февруари.

**Д. Аргировски**

Согледување

# На старите луѓе треба да им се помогне во животот



**Проф. д-р Јорде ЈАКИМОВСКИ**

Република Македонија има демографски профил со 15% население постаро од 60 години, во кој влегуваат и 8,7% на возраст од преку 70 години. Анализата покажува дека 16,2% од работоспособното население поради пензионирање е исклучено од можноста да учествува во економијата. Немањето пристап до економијата ги спречува луѓето да ги подобрат не само сопствените услови за живот туку и да придонесат за економскиот развој на земјата. Економските проблеми со кои се соочуваат многу домаќинства и миграцијата село-град се фактори кои влијаат грижата за старите лица да биде проблем за многу семејства и потенцијален финансиски товар на земјата. Република Македонија има посебен проблем со старите луѓе кои живеат сами, чии деца се отселени во странство или во земјата. Одговорноста за оваа социјална заштита, како и другите видови на социјална заштита, преминува на државата и на семејствата кои се поминати во дел од фондовите за вработување и во пензиско-инвалидски фонд.

На старите луѓе треба да им се помогне во животот: во кругот на нивните семејства и заедници, доколку е тоа можно, или преку институционално згрижување, како крајна можност, односно доколку не постојат услови за претходниот начин за згрижување.



Проблемот кој создава притисок во моментов произлегува од околноста што претходните политики и начини на социјална заштита на старите лица се надминати со промената на системот, па сега овој проблем се решава на тој начин што се наметнуваат дополнителни финансиски обврски на семејството. Република Македонија треба да го почитува принципот според кој старите луѓе претставуваат вредна и важна компонента на човековите ресурси во општеството. Треба да се залага, како најдобро може, да им помогне на старите луѓе кои имаат долгорочни потреби од помош. Треба да се развиваат системи на социјална сигурност со кои ќе се обезбеди поголема меѓугенерациска и внатрешно генерациска рамноправност и солидарност, и кои ќе обезбедат помош на старите луѓе преку поттикнување на мултигенерациските семејства и обезбедување на долгорочна помош и услуги за се поголемиот број на болни и стари лица. Општеството треба да се залага за зголемување на независноста на старите луѓе, поради олеснување на нивната продолжена партиципација. Треба да се создадат услови за оспособување на старите лица да водат самостоен, здрав и продолжителен живот, и да ги практикуваат своите вештини и способности што ги стекнале во текот на нивниот живот во корист на заедницата.

Невладините организации и приватниот сектор треба да ги подобрат системот и мерките на социјалната сигурност на старите лица, и да се елиминираат сите форми на насилство и дискриминација.

**Треба да постои големо разбирање на зголемување на нивото на социјалната заштита на старите лица преку негувањето на следните насоки:**

**о подобрување на условите на живеење на лицата кои живеат сами;**

**о почитување на интегритетот и достоинството на постарите;**

**о почитување на одлуките и мислењата на старите лица;**

**о целосна употреба на средствата што се достапни во непосредното опкружување;**

**о создавање на комбинации на даватели на социјалните услуги во кои би влегле јавните, приватните, невладините и доброволните организации.**

Во иднина социјалната политика треба да се прилагоди на новата реалност, како што е намалување на социјалните услуги на државата, појава на непрофитни и комерцијални услуги во приватниот сектор, како и потреба од поделба на ресурсите меѓу различните групи. Социјалните услуги треба да продолжат со вообичаениот процес на модернизација во услови на акутни буџетски ограничувања.

Владата треба да се подготви за премин кон комерцијален и доброволен социјален придонес, односно да обезбеди приходи преку редистрибутивен приход, и тоа преку даночен систем и систем на благосостојби.

АНКЕТА

# По повод 25. број на „Пензионерски видици“



**Чедо Георгиевски, секретар на ИО на СЗПМ**

Секој ден носи потреба од нова информација. Ова може да е лајт мотив и за нас и за нашето членство, како што е тоа за огромен број поединци и групи овде и во светот.

Постојано се прашуваме што да се стори пензионерите да се информирани во поголема мера (и која е таа мера), да знаат повеќе (за што), да дознаат побрзо и за слични други информативни одредници.

Покрај предното, за нас е многу важно и битно, како да ја дадеме, односно пренесеме информацијата до пензионерите - по усмен пат, напишана, преку етер или преку екран. Се трудиме да бидат застапени сите видови.

На ниво на здруженија најчести се усни информации. Некои здруженија повремено издаваат печатени информатори и билтени, некои ги користат можностите на локални медиуми-весници, радија и ТВ куќи. Но сето тоа сè уште е недоволно и како квалитет и како квантитет.

Сојузот на здруженијата на пензинерите на Македонија користи една емисија на Македонската телевизија - "Трето доба" и четири страници на "Нова Македонија" - "Пензионерски видици". Чувството е дека и двата вида информирање не се доволни. Од таму и мислењето на СЗПМ дека во неделната емисија "Трето доба" треба да бидат застпени и други содржини, покрај постојните, а "Пензионерските видици" да бидат достапни за поголем број корисници. Тоа може да се стори со зголемување на претплатата или откуп на поголем број броеви на "Нова Македонија" од последниот петок или сабота во секој месец. Здруженијата не треба да се задоволат со досегашните нивоа на претплата. За овие две изминати години - 2005 и 2006 - се покажа дека "Видиците" се повеќе се присутни меѓу нас, сè побогати се со информации до и од "теренот", се поблиски се до сите средини и посакувани вистинити информации што е многу битно денеска кога има наплив на невистинити информации и дезинформации за многу прашања од пензионерскиот живот.



**Душан Петески, претседател на ИО на ЗП Гази Баба - Скопје**

По повод на двегодишното излегување на "Пензионерски врвици", сум незаборавно импресиониран од содржината на известувањата и професионалниот однос на новинарот - Драги Аргировски.

Најголем број на пензионери со големо очекување го чекаат денот кога ќе дојде овој број на "Нова Македонија" и веднаш отвораат на страниците "Пензионерски видици".

Со излегувањето на "Пензионерските видици" пензионерите опширно и содржајно се информиарат за разни активности во поширок смисол на зборот и тоа за повеќе Здруженија на пензионерите во Републиката.

Ова гласило овозможи да се создаде големо медиумско огледало на активноста на пензионерите, за разлика од порано кога тоа што се работеше никој немаше можност да го запознае.

Затоа, нагласувам: Мал јубилеј, но достоен за почит".






**Асим Јусуфи пензиионер од Тетово**

Искрено речено тоа е голема среќа и смелост што вие Аргировски, како познат новинар преземовте една значајна активност и на јавен начин да се регистрираат успесите и проблемите на пензионерското живеење во нашата држава. Личните мои впечатоци се дека овој прилог на пензионерите во весникот "Нова Македонија" иако излегува еднаш во месецот, овозможува обемни искажувања за позначајните прашања со кои пензионерите се сретнуваат во секојдневието. "Пензионерски видици" се многу содржајни, со квалитетот и објективност, поради што е потребно да се најдат и нови начини и форми за уште поголема транспаретност за поопфатно информирање на пензионерите и јавноста за нашите активности и проблеми. Да прецизирам, мислам дека значењето на "Пензионерски видици" е многу поголемо од тоа што можеше на кратко да се каже.



**Павле Спасов, претседател на ИО на Здружението на пензионерите Центар - Скопје**

25-тиот број на "Пензионерски видици" значи мал, но значаен јубилеј, бидејќи за првпат во историјата на пензионерската организација пензионерите добија свое јавно гласило, со постојано богата и квалитетна содржина. Прилогот е од големо значење за секој пензионер, бидејќи редовно се следат сите актуелности од пензионерскиот живот, како и работата на здруженијата на пензионерите и на СЗПМ, како нивна асоцијација. Поради сето тоа не треба да изостане и благодарноста на иницијаторот и уредникот на "Пензионерски видици", новинарот Драги Аргировски и на Редакцијата на весникот "Нова Македонија" во кој редовно секој последен петок во месецот се објавува прилогот за пензионерите.



**Љубомир Наумоски, пензионер од Прилеп**

"Пензионерски видици" е значајно информативно гласило што со големо интересирање се чита и следи. Пофалби доаѓаат од сите страни не затоа што е ова прво јавно гласило во шестдецениската историја на пензионерите во нашата земја, туку и поради интересните содржини. Уредникот, репортерите и дописниците на "Пензионерски видици" постојано се кај изворот на информирањето, а таа непосредна соработка овозможува точна и благовремена информација во интерес на сите пензионери. Доколку се обезбедат финансиски средства ова гласило треба и почесто да излегува. За поздравување е и тоа што за подобро информирање на членството и јавноста СЗПМ планира да оствари своја ВЕБ страница.



**Бесник Поцеста, претседател на Здружението на пензионерите во Дебар**

Во изминатите две години едно од најзначајните работи за пензионерите секако е редовното излегување на месечниот прилог "Пензионерски видици" во ценетиот весник "Нова Македонија". Со интерес го очекуваме секој последен петок во месецот за да бидеме соочени со новите содржини на "Пензионерски видици", да бидеме информирани и едуцирани, да ги збогатиме сознанијата за здруженијата, за активностите од општинско, регионално и републичко ниво, а со интерес се следат и белешките за културните самодејности на нашите членови. Поради сето тоа сметам дека треба да се зголеми бројот на претплатниците, бидејќи секој член за раководствата во здруженијата и на ограноците треба редовно да ги следи содржините на ова наше информативно гласило.



**Васко Калески, пензионер од Охрид**

Информативната дејност е многу значајна. Затоа, најпрвин мои искрени честитки на новинарот Драги Аргировски, кој со својата препознатлива упорност и визионерство успеа да подготви 25 броја на "Пензионерски видици",кои со својата богата и квалитетна содржина ќе бидат забележани како први успешни никулци на редовното јавно информирање во историјата на пензионерската популација. Прилогот за пензионерите во "Нова Македонија" значително придонесува за афирмација на сите позначајни активности на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а во соочување со проблемите од пензионерскиот живот да се добие правата вистина. Гласилото придонесува да се расветлуваат многу прашања и дилеми, да се разменуваат искуства и да се создава неминовна соработка меѓу пензионерските здруженија, како и меѓу пензионерите и граѓаните.



**Сатки Нуредини, пензионер од Гостивар**

Големо е интересирањето на пензионерите во Гостивар за "Пензионерски видици", бидејќи се пишува објективно со слух за сите значајни прашања за пензионерската популација. Значи, во информативниот простор веќе две години успешно излегува и се надградува јавно гласило за пензионерите во Македонија, што заслужува и во иднина да опстојува и да се проширува. Со постојано следење на прилогот за пензионерите, тие не само што се информираат, туку се и надградуваат со позитивни искуства од активноста на здруженијата и на Сојузот во целина.



**Дорче Крстевски, претседател на Здружението на пензионерите во Ресен**

За двегодишното излегување на "Пензионерски видици" може да се зборува само во суперлативи. Посебно сме благодарни што минатата година опстојно се пишуваше за подготовките и одржувањето на Републичките пензионерски спортски натпревари во Крани на брегот на Преспанското Езеро, на кое присуствуваа околу 1.200 пензионери од сите краеви на нашата земја.

Ваков прилог ни е потребен и треба да го негуваме, бидејќи 274.000 пензионери во Република Македонија треба секогаш да бидат благовремено и точно информирани за сите актуелности во Сојузот и пошироко.

## Прв број на „Пензионерски информатор“ на Здружение на пензионери „Охрид-Дебарца“

Деновиве од печат излезе првиот број на "Пензионерски информатор" на Здружението на пензионерите од Охрид и Дебарца, што треба да придонесе за информирање за активностите на оваа здружение во кое членуваат над 8.000 пензионери. Во освртот на изборните активности во пензионерската организација се истакнува масовноста и демократската атмосфера, а е дадена и иницијатива за изградба на нов Дом на пнзионери во Охрид. Кај читателите интерес секако ќе предизвика и белешката од незаборавната средба на пензионерите во Оровник, освоеното прво место на 11-те Републички пензионерски спортски натпревари во Крани, соработката со пензионерите од Стара Загора-Бугарија и други информации.

Содржината и квалитетот на првиот број на "Пензионерскиот информатор" секако заслужува пофалби и честитки.

**ИНТЕРВЈУ** Со претседателот на Здружение на пензионери Пробиштип Тодор Аксентиевски

# Многу активности, награди и признанија



**о Најпрвин, како ја оценувате минатата година, дали сте задоволни од постигнатото во 2006 година?**

- Минатата 2006 година би сакал да се повтори и годинава. Според бројот на членовите (1.620) ние спаѓаме меѓу најмалите здруженија на пензионери, но тоа нè не демотивира да се ангажираме на повеќе полиња. Добрата организациона поставеност ни овозможува целосно вклучување на поголем дел од членството во сите активности. Минатата година забележавме високи резултати во сите области. Можеби можевме уште повеќе, меѓутоа, средствата на малите Здруженија ја диктираат динамиката на активностите.

Би започнал од културно забавниот живот, каде забележавме видни резултати. КУД "Весели пензионери" од фестивалските, ревијалните и концертните настапи се вратија со многу награди, признанија и пофалници. Од фестивалот "Илинденски денови" се вратија со две први награди, од фестивалот "Пеце Атанасовски" од Долнени - Прилепско се вратија со три освоени први места, а на ревијалните и концертните настапи беа бурно поздравени за автентичното негување и презентирање на изворниот фолклор.

За ваквите резултати, добивме и специјални признанија од СЗПМ: часовник со фолклорни елементи и слика бакрорез со мотиви од Скопје. Наградите беа врачени лично од претседателот на Сојузот Душко Шурбановски. КУД "Весели пензионери" беа посетени и од група етнолози од Холандија кои покажаа посебен интерес за нашиот фолклор, а резултатите што ги добија за соработка ги очекуваме во првиот квартал од оваа година.

Кога сме кај културното живеење би ја споменал и нашата иницијатива за отворање на Лесновскиот манастир за пошироката јавност во Македонија. Така, трета година по ред во 2006 година се собраа над 15 Здруженија во манастирскиот комплекс при што заеднички го одбележавме денот на пензионерите. Оваа средба од спонтана, прерасна во традиција.

Во ништо не заостанува во своите активности и Комисијата за спорт и рекреација. Се одржаа меѓуопштински и регионални средби во повеќе спортски дисциплини, а зедовме учество и на Републичките натпревари во Крани од каде се вративме со освоено второ место во табла за жени. Исто така, организиравме 10 екскурзии во познати туристички, излетнички и историски места, со учество над 700 пензионерки и пензионери.



Во делот на здравствената заштита испративме 40 пензионери на бањско и климатско лекување во повеќе бањи и одморалишта во Македонија. Во пансионските и транспортните (патните) трошоци Здружението учествува од 10 до 30 насто, во зависност од висината на пензијата. Активот пензионерки организираше повеќе предавања од лекари за здравствени проблеми на пензионерите, а се вклучија и во одбележување на значајни датуми од нашата историја.

За оваа грејна сезона обезбедивме над 2.000 кубни метри огревно дрво за пензионерите. Поволноста е што истите се отплатуваа на рати.

Овде морам да ја споменам и големата поддршка од општинското раководство, особено од градоначалникот кој во два наврати престојуваше меѓу пензионерите и расправавме за одредени проблеми што не засегаат и нас.

**о Се дигна прав околу солидарниот фонд. Кое е Вашето мислење и како тој функционира во Вашето здружение?**

- Она што се пласираше во електронските и пишаните медиуми е чиста дезинформација и шпекулација. За тоа реагиравме сите Здруженија заедно со СЗПМ, при што е заклучено дека нема никакви шпекулации и манипулации ниту злоупотреби како што се пронесе. Може секој да дојде и да го провери работењето на фондот. Јас само можам да кажам дека откако фондовите се во Здруженијата се има поголема сигурност во навремената исплата на средствата на семејствата за починат пензионер. Кај нас таа изнесува 30.000 денари, а се исплатуваат веднаш штом се добијат потребните документи. Задоволни сме од работата на фондот, а сме крајно револтирани од произволните констатации во одделни медиуми.



**о Што очекувате во оваа година?**

- Јас на почеток реков дека би сакал да ни се повтори 2006. Ние со активностите не сме ги престанале. Комисиите ги донесоа своите програми, Извршниот одбор и Собранието ги усвоија и започна да се работи по .нив. Започнаа подготовките за престојните настапи на КУД "Весели пензионери", а во делот на спортските активности веќе се работи интензивно, се распиша и оглас за бањско-климатско лекување и наскоро ќе започне запишување на огревно дрво за наредната грејна сезона. Се надевам дека и годинава ќе забележиме резултати во сите активности

**Милевка Здравковска**

**ФОТО ВЕСТ**



Хорот "Пензионер" и литератите при Здружението на пензионерите во Штип ја продолжуваат својата богата активност. Хорот во минтата година оствари 14 настапи во градот под Исарот и во други градови во нашата земја. За истакнување е и едночасовниот хуманитарен концерт пред болните и персоналот на физикална терапија во Штип.

Во минатиот месец во Штип, актерката на штипскиот театар Руиш Мустафа успешно ја изведе и монодрамата "Чекајќи го поштарот" од Цвета Спасикова , а со пригодна хорска изведба беше промовирана и книгата "Едночинки" од оваа активна пензионерка од Штип.

**ВЕСТИ ОД ГЕВГЕЛИЈА**

## Заљубен во роднокрајната историја



Пензионираниот професор Ристо Стамков за своите колеги и ученици е личност достојна за почит. Покрај наставата својот работен век го помина во собирање на народното творештво од Гевгелиско-Валандовскиот крај и пошироко, а пред се народните песни, истовремено проучувајќи ја роднокрајната историја.

Тој досега има објавено повеќе вредни дела со посебен акцент на циклусот песни од Првата светска војна под наслов "Гроб да има, прст да нема тој што ја измисли војната", потоа кратката монографија за Стефан Мандалов-Манданата, Монографијата за првоборецот од Гевгелискиот крај под наслов "Јас - Иван Калчев" и првата книга од едицијата "Да не бидат заборавени", а во печат е и втората книга.

Деновиве Собранието на Здружението на пензионерите во Гевгелија одржа конститутивна седница на која за претседател повторно беше избран Драгиша Јовановиќ, а за член на Собранието на СЗПМ Јане Ташковски.

Беше истакнато дека во ова здружение членуваат околу 3.280 пензионери кои во минатот мандатен период имаа голем број на активности, што дава надеж за уште побогата активност во тековната година.

**Т.К.**

ДЕМИР КАПИЈА

## Потреба од поголема активност на пензионерите

Во Демиркаписка општина живеат околу 500 пензионери што се организирани во огранокот на Здружението на пензионерите од Неготино.Како што беше констатирано на изборниот состанок на огранокот во изминатиот мандатен период немаше забележителни активности. Потребен ангажман и интересирање не е забележано ниту за организирање на научни екскурзии и спортски натпревари. Во изминатите години главно биле вложени средства во износ од пет илјади евра за реконструкција и модернизација на Пензионерскиот дом во Демир Капија.

На собирот на членовите на огранокот повеќе пензионери критички се осврнаа на досегашната работа и ја истакнаа потребата од поголема активност и информирање. Беше избран и нов одбор на огранокот со претседател Блажо Кавазов, а за секретар Јованка Николова. Беа избрани и тројца членови на Собраниеот на Здружението на пензионерите од Неготино и Демир Капија. Се очекува пензионерите почесто да се среќаваат во Пензионерскиот дом, да се дружат и соработуваат.

**М. Пашоевски**



Германија

## Продолжување на старосната граница

Скоро 24 милиони пензионери Германија годишно ја чинат фантастични 251 милијарди евра. Просечната пензија на работниците е близу 900 евра месечно, на службениците 1.000, а оние кои се осигурени преку цеховските пензиски фондови (лекари, адвокати, уметници) примаат во просек по 1.200 евра. Пензиските фондови се одвоени, независни, но контролирани од државата. Одамна постои и приватно дополнително пензиско осигурување во разни форми.

Во Германија има пензионери и со минимум од околу 500 евра, но и кои примаат месечно три, пет, десет, и повеќе илјади евра. Постои практика фирмите на своите менаџери, а понекогаш и на сите вработени, дел од добивката да им ја уплаќаат во пензиски фондови.

Меѓутоа, сериозно се размислува и за намалување на пензиите и за потполна промена на системот. Бидејќи досега вработените и работодавците придонесите ги плаќале по пола, секое работно место во Германија е оптоварено со поголеми трошоци отколку што е тоа во другите делови на светот. Затоа на младите постојано им се порачува да не сметаат на крајот од работниот век на „државна" пензија, туку самите да се погрижат за староста. Проблемот е во тоа што тие мора да плаќаат за пензиите на своите претходници, а истовремено да издвојуваат и за себе. Германците одат во пензија со 65 години, или 40 години стаж, а во некои случаи можна е и предвремена пензија, со помош на отпремнини. Веќе се предлага продолжување на староснтата граница на 67, па и 70 години! Основицата за пензија е околу 75 проценти од последната плата. Деновиве Уставниот суд на Германија одлучил дека основицата може да биде и помала.

**Снежана Кутузовска**